РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2017 година

## СОДРЖИНА


Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура ....10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ....11

Буџетски расходи ....12

Буџетско салдо ....13

4. Социјален сектор

Novовработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....13

Плати ....14

Пензии ....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....16

Депозитен потенцијал ....16

Кредити на банките ....17

Каматни стапки на депозитни банки ....18

Пазар на капитал ....18

Девизни резерви ....18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2017 година

- Индустриското производство во март 2017 година во споредба со март 2016 година забележа пад од 0,9%;

- Потрошувачките цени во март 2017 година се зголемија за 0,6% во однос на март 2016 година, по годишниот раст од 0,2% во февруари 2017 година.

- Во периодот јануари - март 2017 година извозот забележа раст од 14,7%, а увозот 14,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 14,0%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите три месеци од 2017 година изнесуваа 42.734 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,3% во однос на истиот период во 2016 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 46.301 милион денари, што е за 0,2% повеќе во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните кредити на банките во март 2017 година останаа непроменети во споредба со март 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 4,2%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во март 2017 година индустриското производство забележа пад од 0,9% во споредба со март 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија е забележан пад од 4,1% односно 0,7%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во март 2017 година има гранката Производство на други неметални минерални производи (1,7 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-1,6 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во првите три месеци од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година забележа пад од 1,5%. Раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 14,2%, додека пад е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 5,3% и Преработувачка индустрија од 2,8%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во март 2017 година во однос на март 2016 година покажуваат зголемување на производството кај групите Трајни производи за широка потрошувачка од 40,5% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,9%. Намалување на производството е забележано кај групите: Капитални производи од 7,6%, Енергија од 3,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,7%.

На кумулативна основа, во првите три месеци од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст е забележан кај групите: Трајни производи за широка

потрошувачка од 17,8%, Енергија од 7,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,9%. Пад е забележан кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,7% и Капитални производи од 0,9%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во март 2017 година забележа раст од 0,1%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Рударство и вадење камен од 0,7% и Преработувачка индустрија од 0,1%. Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,6%.




На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите три месеци од 2017 година во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 0,3%. Раст е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 0,9% и Преработувачка индустрија од 0,3%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи намалување од 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 7,8%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,2% и Енергија од 0,7%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

На кумулативна основа, во првите три месеци од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 5,9%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,3% и Енергија од 0,7%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,4%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2017 година е понеповолна во однос на февруари 2017 година, а поповолна во однос на март 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 65,3%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 65,1%. Споредено со истиот месец 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,0 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,5%, недоволната домашна побарувачка со 19,7%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,3%, неизвесното економско окружување со 12,6%, финансиските проблеми со 8,9% и конкурентниот увоз со 7,2%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на февруари 2017 година, додека залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2017 година издадени се 384 одобренија за градење, што претставува раст од 95,9% во однос на март 2016 година. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 363 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 5,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март бележи раст од 139,1% во однос на истиот месец 2016 година. На месечно ниво, вредноста на објектите се зголемила за 9,8%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 232 (или 60,4%) се наменети за објекти од високоградба, 63 (или 16,4%) за објекти од нискоградба и 89 (или 23,2%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 384 издадени одобренија за градба, на 245 објекти (или 63,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 139 објекти (или 36,2%) инвеститори се деловни субјекти.




Во март 2017 година предвидена е изградба на 929 станови, со вкупна корисна површина од 75.886 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на февруари 2017 година е зголемен за 31,8%, а на годишна основа за 76,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во март 2017 година се зголемија за 0,6% во однос на март 2016 година, по годишниот раст од 0,2% во февруари 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-март 2017 година изнесува 0,5%.

Највисок годишен раст на цените во март 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,9%, следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 6,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,1%, Ресторани и хотели од 3,2%, Облека и обувки од 2,4%, Рекреација и култура од 0,6% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3%.




Највисок годишен пад на цените во март 2017 година е забележан во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци од 2,2%, при што највисок пад имаа цените на зеленчукот (за 15,5%) и масло и маснотии (за 4,1%).

Годишен пад на цените во март е регистриран и во категориите: Останати стоки и услуги од 0,6%, Здравје и Образование од по 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.




Потрошувачките цени во март 2017 година се зголемија за 0,5% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Комуникации од 5,7%, Транспорт од 2,0%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 1,7%, Рекреација и култура од 0,7%, Здравје од 0,5%, Ресторани и

хотели од 0,3% и Останати стоки и услуги и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Облека и обувки од 0,6% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,5%.

Цените во категориите Храна и безалкохолни пијалаци и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во март 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,5%, додека на месечно ниво цените на мало се зголемија за 1,4%. Цените на мало во периодот јануари-март 2017 година се зголемија за 1,8%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2017 година споредено со претходниот месец се намали за 6,3% и изнесуваше 52,0 долари за барел. Во однос на март 2016 година, цената на нафтата бележи раст од 33,0%. Цената на природниот гас во март, се намали за 5,3% на месечно ниво.




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во март 2017 година се тргуваше со просечна цена од 10.205 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на февруари 2017 година бележи пад на цената од 4,1%. Споредено со истиот месец претходната година, цената на никелот во март 2017 година се зголемила за 17,1%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во март забележаа и некои од останатите основни метали. Така, цената на цинкот се намалила за 2,4%, на бакарот за 2,0% и на оловото за 1,3%. Цената на алуминиумот и калајот во март



во однос на претходниот месец бележат зголемување од по 2,2%. Благородните метали во март, исто така, забележаа намалување на цените на месечна основа. Така, цената на платината се намалила за 4,4%, на среброто за 1,7% и на златото за 0,2%.

Цената на пченката на светските берзи во март, споредено со претходниот месец се намали за 2,4%, а на пченицата за 0,6%. Цената на јагнешкото месо во март, во однос на февруари 2017 година се намали за 1,2%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите три месеци од 2017 година изнесува 2.681,9 милиони евра, што претставува раст од 14,6% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – март 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,4%, што претставува намалување од 1,4 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2017 година изнесува 1.128,3 милиони евра и бележи раст од 14,7% (144,9 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 8,2%.




Вредноста на извезените стоки во март 2017 година изнесува 424,0 милиони евра и бележи раст од 21,4% (74,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, додека физичкиот обем на извозот се зголеми за 15,0%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2017 година извозот бележи раст од 11,7% (44,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 3,4%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,9% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – март 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај сите групации и тоа: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 15,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 10,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 83,1% и 9,9% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – март 2017 година изнесува 1.553,6 милиони евра и бележи раст од 14,5% (197,1 милион евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 9,1%.




Вредноста на увозот во март 2017 година изнесува 593,8 милиони евра, што претставува раст од 13,1% (68,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини стоки се зголемени за 19,8%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2017 година увозот бележи раст од 14,7% (76,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 3,5%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2016 | I - III - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,4 | 18,3 | 7,9 | 75,6 |
| Мил. ЕУР | 4,3 | 9,3 | 5,0 | 116,7 |
| Мил.$ | 4,8 | 10,0 | 5,2 | 109,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2016 | I - III - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 253,9 | 252,4 | -1,5 | -0,6 |
| Мил. ЕУР | 69,1 | 101,7 | 32,7 | 47,3 |
| Мил.$ | 76,3 | 108,3 | 32,0 | 42,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2016 | I - III - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,2 | 4,9 | 1,6 | 49,7 |
| Мил. ЕУР | 215,2 | 248,8 | 33,6 | 15,6 |
| Мил.$ | 238,1 | 265,5 | 27,4 | 11,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2016 | I - III - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,4 | 6,9 | 0,6 | 8,7 |
| Мил. ЕУР | 44,9 | 46,1 | 1,2 | 2,6 |
| Мил.$ | 49,6 | 49,1 | -0,5 | -1,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2016 | I - III - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 125,0 | 162,1 | 37,1 | 29,7 |
| Мил. ЕУР | 80,1 | 108,4 | 28,3 | 35,4 |
| Мил.$ | 88,6 | 115,6 | 27,0 | 30,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2016 | I - III - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 191,5 | 111,2 | -80,3 | -42,0 |
| Мил. ЕУР | 69,0 | 58,3 | -10,7 | -15,5 |
| Мил.$ | 76,3 | 62,2 | -14,1 | -18,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите три месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 14,0% односно 52,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.




Во март 2017 година трговскиот дефицит се намали за 3,4% односно 6,0 милиони евра споредено со март минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на проширувањето на негативното салдо во размената со: горива и мазива, храна и пијалаци, индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и на стеснувањето на позитивното салдо во размената со: стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема.

Во периодот јануари – март 2017 година 85,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Јужна Африка, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Русија, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,2% од трговската размена во периодот јануари - март 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,2% и 81,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,7 п.п. во однос на периодот јануари – март 2016 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - III - 2016 | | | | | I - III - 2017 | | | | | | |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 847,4 | 1.086.725.214 | 61,6767 | 67.025.624.998 | 80,1 | 881,9 | 1.270.612.189 | 61,5601 | 78.219.013.432 | 81,8 | 183.886.975 | 16,9 |
| УСД | 425,4 | 280.119.614 | 55,9793 | 15.680.899.886 | 18,7 | 508,2 | 288.557.570 | 57,8297 | 16.687.197.695 | 17,4 | 8.437.956 | 3,0 |
| ГБП | 1,4 | 4.528.385 | 80,2357 | 363.338.155 | 0,4 | 1,1 | 4.842.942 | 71,5557 | 346.540.117 | 0,4 | 314.557 | 6,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.274,1 | | | 83.069.863.040 | 98,8 | 1.391,2 | | | 95.252.751.244 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 1.277,6 | | | 83.678.165.399 | 100,0 | 1.394,4 | | | 95.651.924.134 | 100,0 | | 14,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2017 година изнесуваа 42.734 милиони денари, односно 6,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,3% во однос на истиот период од 2016 година.

Даночните приходи во првите три месеци се реализирани во износ од 24.594 милиони денари, односно 3,9% од БДП и во однос на истиот период минатата година се зголемени за 3,7%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 12.166 милиони денари и е зголемен за 4,0%, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој тримесечен период е доминантно и изнесува 49,5%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 13,9% додека ДДВ од прометот во земјата забележува намалување од 6,8%. ДДВ од донациите, чие учество е незначително, забележа раст од 108,3%.

Акцизите се остварени во износ од 4.450 милиони денари (учество од 18,1% во даночните приходи) и бележат намалување за 2,5%. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 16.616 милиони денари, односно 67,6% од вкупните даночни приходи (2,6% од БДП).

Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 3.492 милиона денари и забележуваат раст од 8,0% на годишна основа, при што 2/3, односно 65,4% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,0% од приходи од капитал, 6,5% од приходи по основ на договор на дело и 4,1% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот

од добивка во овој тримесечен период од 2017 година изнесуваа 3.158 милиони денари и забележаа зголемување за 8,6% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 34,8%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 15,2%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 12,0%) и на задржаниот данок за странски правни лица за 4,5%.

Приходите од царина беа остварени во износ од 1.252 милиона денари и забележаа зголемување од 8,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 76 милиони денари забележаа помало остварување за 52,8% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 12.472 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 7,7% споредено со истиот период минатата година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 8,0%, кај придонесите за вработување за 7,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 7,0%

Неданочните приходи беа остварени во износ од 4.399 милиони денари и во однос на истиот тримесечен период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 28,6% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 121 милион денари, што претставува намалување од 80,3% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 856 милиони денари, односно за 5,0% повеќе во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари - март 2017 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 46.301 милион денари, односно 7,3% од БДП, што е за 0,2% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 41.245 милиони денари учествуваа со 89,1% (учество од 6,5% во БДП) и се намалени за 4,3% во однос на истиот период 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 6.587 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот, изнесува 14,2% и во однос на 2016 година се зголемени за 3,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 3.722 милиона денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 5,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 29.359 милиони денари (4,6% од БДП). Средствата за трансфери забележаа помала реализација за 6,6% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 63,4% во вкупните расходи. Социјалните трансфери

износуваа 23.043 милиони денари, забележаа раст од 2,8% и учествуваа со 49,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 14.215 милиони денари, се зголемија за 1,9%, споредено со истиот тримесечен период од 2016 година и учествуваат со 30,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 12,7%, односно забележаа помала реализација за 32,1%, споредено со истиот период 2016 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.782 милиони денари забележаа зголемување од 0,6%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени помалку за 64,3%.

Каматните расходи изнесуваат 1.577 милиони денари, што е повеќе за 17,6% во споредба со истиот период 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 27,1%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 7,5%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 5.056 милиони денари со структурно учество од 10,9% во вкупните расходи (0,8% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 60,9% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари- март 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 3.567 милиони денари, што претставува 0,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 3.263 милиони денари и претставува 0,5% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – март 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 46.830 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 5,0% во однос на истиот период од 2016 година.




Од вкупниот број нововработени, 39,3% се вработени на неопределено

време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во март 2017 година 24,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 200.840, од кои 104.572 се активни баратели на работа, а 96.268 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,4%.

Најголем дел од невработените лица (66,7%) се градско население, а според половата структура 59,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,7% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,6% се со завршено средно образование, додека 14,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2017 година оствари годишен раст од 2,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,8%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (11,9%), Информации и комуникации (6,0%) и Рударство и вадење камен (4,9%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 2,2%.




Просечната номинална бруто-плата во февруари 2017 година оствари годишен раст од 2,5%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (12,2%), Информации и комуникации (5,4%)

и Рударство и вадење камен (5,0%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,3%.

Процентот на вработени што не примиле плата во февруари 2017 година изнесува 1,3% и е за 0,1 п.п. повисок во однос на истиот месец претходната година, а е за 0,3 п.п. повисок во однос на јануари 2017 година.




## Пензии

Во март 2017 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 303.131 пензионер, што претставува зголемување од 0,3% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 2.379 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,7% се корисници на старосна пензија, 24,9% се корисници на семејна пензија и 12,4% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во март 2017 година изнесува 13.898 денари и е за 6,3% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 61,7%.




Просечната старосна пензија во март изнесува 15.232 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.610 денари, а просечната семејна пензија 11.185 денари. За исплата на пензиите во март 2017 година се потрошени 4.091,59 милиони денари, што претставува 55,9% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во март 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во

февруари 2017 година. Ваквото намалување се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во март 2017 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 8,0% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 10,3% и 5,7%, соодветно.




На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 1,8%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 1,7% и 2,0%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во март 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 1,1%, а депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,6%.

Од аспект на валутата, во март 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,7%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2017 година оствари раст од 4,2% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и странска валута забележаа раст од 2,7% и 6,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата и домаќинствата овој месец бележат раст на годишно ниво од 8,4% и 1,8%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,1%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 4,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат учество во депозитната база кое изнесува 58,4%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Депозитен потенцијал** | **317720** | **-0,3%** | **4,2%** |
| Денари | *185518* | -0,7% | 2,7% |
| Странска валута | *132202* | 0,4% | 6,5% |
| Краткорочни | *153056* | 0,2% | 3,1% |
| Долгорочни | *86790* | 0% | 4,8% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **280157** | **1,2%** | **0%** |
| Денари | *230592* | *1,1%* | 2,5% |
| Странска валута | *49566* | 2,1% | -9,8% |
| Краткорочни | *60760* | -0,2% | -2,7% |
| Долгорочни | *200428* | 1,4% | 8,4% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *17427* | 3,8% | -42,0% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во март 2017 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во март кредитите кон претпријатијата се зголемија за 1,1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,4%. Од аспект на валутата, во март 2017 година, денарските и девизните кредити регистрираа раст на месечно ниво од 1,1% и 2,1%, соодветно.




На годишна основа, во март 2017 година вкупните кредити останаа непроменети, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 5,4% и раст на кредитите кон домаќинствата од 6,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 2,5%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 9,8%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,4%, а краткорочните кредити се намалија за 2,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,1% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за 0,1 п.п. и изнесуваат 6,3% и 5,0%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во март изнесува 1,6% и е намалена за 0,1 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е непроменета на месечно ниво и

изнесува 2,3%, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,9% и е исто така непроменета во споредба со претходниот месец.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 11,8% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакции за 60,7%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 19,4%.




Вкупниот промет на берзата во март 2017 година изнесуваше 355 милиони денари што претставува повеќе од двојно зголемување (109,3%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во март 2017 година изнесуваше 2.251,09 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 2%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 26,4%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2017 година изнесуваа 2.534,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 28,6 милиони евра, додека во однос на март 2016 година се зголемени за 268,1 милион евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk